# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ЗА НАУЧНАТА ОБЛАСТ КАЗНЕНО ПРАВО НА ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр.1102-120/3 од 19.9.2018 година донесена на седница на Наставно-научниот совет на Правен факултет, одржана на 18.9.2018 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во звање насловен вонреден професор во наставно-научна област *казнено право* на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“, во состав:

– академик Владо Камбовски, редовен професор на Правен факултет „Јустинијан Први“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (претседател);
– проф. д-р Гордана Лажетиќ, редовен професор на Правен факултет „Јустинијан Први“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“;
– проф. д-р Александра Деаноска-Трендафилова, вонреден професор на Правен факултет „Јустинијан Први“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“.

Конкурсот за избор на наставник во звање насловен вонреден професор во наставно-научната област *казнено право* на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ беше објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ на 10.9.2018 год. Во предвидениот рок на Конкурсот се пријави само насловен проф. д-р Тодор Витларов.

Врз основа на приложената документација од кандидатите, чест ни е на Наставно-научниот совет на Правниот факултет да му го поднесеме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

**Д-р Тодор Никола Витларов** е роден на 27.9.1958 год. во Штип. По завршувањето на средното образование во 1976 год. се запишува на Правниот факултет во Скопје - Правосудна насока, каде што дипломира во февруари 1981 год.

Истата година се вработува како приправник, а по положувањето на правосудниот испит, во февруари 1982 год. како стручен соработник во тогашното Окружно јавно обвинителство во Штип.

Во 1984 год. е именуван за заменик на основниот јавен обвинител во Штип, функција што ја извршува до април 1997 год.

На 1.4.1997 год. е именуван за виш јавен обвинител во Штип, реизбран во 2003 год., а функцијата ја извршува сè до август 2008 год.

Во 2008 год. е избран за член на Советот на јавните обвинители на Р.Македонија, од редот на јавните обвинители, функција што ја извршува до 1.9.2011 год.

Во периодот од 2011 до 5.12.2013 год. ја извршува функцијата јавен обвинител во Вишото јавно обвинителство во Штип.

Во декември 2013 год. е избран за виш јавен обвинител на Вишото јавно обвинителство во Штип, функција што ја извршува и денес.

Во 1989 година се запишува на постдипломски студии на Катедрата за казнено право и криминологија на Правен факултет во Скопје.

Во 1999 год. го брани магистерскиот труд на тема „Јавното обвинителство во правниот систем на Македонија”.

На 17.3.2006 год. на Правниот факултет во Скопје ја брани докторската дисертација на тема „Казнено-правната заштита од корупција” и се стекнува со академско звање доктор на правни науки од казнено-правна област.

Во периодот од 1999 до 2001 год. е претседател на Здружението на јавните обвинители на Македонија.

Бил член на Извршниот одбор на Здружението за казнено право и криминологија, како и претседател на Собранието на ова Здружение.

Бил член на евалуциониот тим на Македонија, во Групата на земји членки на Советот на Европа, во борба против корупција – ГРЕКО.

Досега бил активно вклучен во работните групи на Министерството за правда за изготвување на: Измени и дополнувања на КЗ, на новиот Закон за кривична постапка, на Законот за јавно обвинителство, на Законот за Советот на јавните обвинители.

Кандидатот е на листата на OSCE на домашни експерти од областа на казненото право. Во ова својство учествува во изготвување на анализи, држи едукации посебно од областа на материјалното и процесното казнено право.

Вклучен е во активноста, како постојан едукатор на Академијата за обука на судии и јавни обвинители „Павел Шатев" во Скопје во почетна и континуирана обука.

Во организација на програмата ОПДАТ при Амбасадата на САД во Македонија има завршено обука NITA-за акузаторна постапка. Во организација на оваа програма е ангажиран како едукатор за новиот ЗКП, како и на теми од областа на зајакнувањето на капацитетите на правосудните органи во борба против корупцијата.

Во текот на 2015/2016 год. во организација на Амбасадата на САД во Р. Хрватска, како претставник од нашата држава, учествува во Регионалниот тим на државите од Југозападен Балкан за изготвување на Заедннички курикулум за едукација на судии, јавни обвинители, адвокати и полицајци за Европската конвенција за човековите права. Во ова својство, освен за едукација во Р.Македонија, е ангажиран и во Косово.

Во 2017 год. е назначен за член на Етичкиот совет на јавните обвинители во Република Македонија и избран за негов претседател.

***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање вонреден професор***

1. Кандидатот е избран за насловен вонреден професор во март 2013 година од страна на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип;
2. Објавени најмалку пет научноистражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации;

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Години на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Тодор Витларов | Новата улога на јавниот обвинител во предистражната постапка | Мак. ревија за казнено право и криминологија | Од 2018 год. |
| 2 | Тодор Витларов | Примената на чл. 3 од Европската конвенција за човековите права во нашето законодавство и практика | Мак. ревија за казнено право и криминологија | Од 2018 год. |
| 3 | Тодор Витларов | Мерката конфискација во нашиот казнено-правен систем | Македонска ревија за казнено право и криминологија | Од 2017 год. |
| 4 | Тодор Витларов | Кривичното дело злоупотреба на службената положба и овластување чл. 353 од КЗ во судската практика | Македонска ревија за казнено право и криминологија | Од 2017 год. |
| 5 | Тодор Витларов | Казнено правни аспекти на корпоративната безбедност | Асоција за корпоративна безбедност, Зборник од Втората меѓународна научна и стручна конференција, одржана во Скопје во мај 2016 | Од 2016 год |

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Во 2008 год. од страна на Научниот совет при Правниот факултет „Гоце Делчев" кандидатот е избран за насловен доцент во научна област- казнено право.

Во временскиот период на избор насловен доцент во 2008 год, кандидатот покрива повеќе предмети од областа на казненото право, и тоа: казнено право, меѓународно казнено право, организиран криминал и корупција, применето казнено право. Во вториот циклус на студии ги покрива предметите организиран криминал и корупција и казнено право применета програма.

Во месец март 2013 год. со одлука бр.1602-48/3 од 06.03.2013 година е избран во звање насловен вонреден професор. Во овој временски период ги покрива предметите казнено право применета програма и правосуден систем, а на втор циклус студии организиран криминал и корупција.

Кандидатот е ментор и член на повеќе магистерски трудови како дел од наставно-образовниот процес на студентите од втор циклус на студии на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

Во овој период ангажиран е како постојан едукатор на предмети од областа на материјалното и казнено процесно право на Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев" во Скопје.

Во прилог на документацијата за избор, кандидатот нас. вон. проф. д-р Тодор Витларов ги достави следните трудови.

***Трудови објавени во меѓународни научни списанија***

- Тодор Витларов ***„Новата улога на јавниот обвинител во предистражната постапка"***, електронско објавување на Македонската ревија за казнено право и криминологија, ISSN 1409-5327, Ревија бр. 1/2018, http://journal.maclc.mk/;
- Тодор Витларов „***Примената на чл. 3 од Европската конвенција за човековите права во нашето законодавство и практика",*** електронско објавување на Македонската ревија за казнено право и криминологија, ISSN 1409-5327, Ревија бр. 1/2018, http://journal.maclc.mk/;
- Тодор Витларов ***„Мерката конфискација во нашиот казнено-правен систем",*** Македонска ревија за казнено право и криминологија, бр. 2, 2017, ISSN 1409-5327;
- Тодор Витларов „***Кривичното дело злоупотреба на службената положба и овластување чл. 353 од КЗ во судската практика",*** Македонска ревија за казнено право и криминологија, бр. 2, 2017,ISSN 1409-5327;
- Тодор Витларов ***„Казнено-правни аспекти на корпоративната безбедност",*** Асоцијација за корпоративна безбедност, Зборник од Втората меѓународна научна и стручна конференција, одржана во Скопје во мај 2016 год.

Во прилог на документацијата, а согласно со Правилникот за критериуми и постапката за избор во насловно научни, научни и наставни звања на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, кандидатот достави:

***Учебни помагала:***

1. Тодор Витларов ***„Казнено право посебен дел со примери од практиката",*** второ издание, 2013 г., како учебно помагало за студенти на Правниот факултет на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип;
2. Тодор Витларов ***„Казнено право - општ дел применета програма",*** објавено во 2014 кг. ако учебно помагало за студентите на истиот Факултет;
3. Снежана Гушева, Тодор Витларов, учебник ***„Правосуден систем на Република Македонија"*** на истиот Универзитет, 2016 г.

Кандидатот исто така е автор и коавтор на анализи, прирачници и извештаи кои се плод на неговата постојана ангажираност за ревизија и дополнување на казненото законодавство на Р. Македонија, но и за оценка на неговата примена во пракса. Во оваа смисла, кандидатот ги приложува следниве изданија:

1. Тодор Витларов et all.: Напредна обука за новиот ЗКП, модул 1-прирачник „***Предистражна постапка***", издание OSCE и Академијата за судии и јавни обвинители, 2013;
2. Тодор Витларов, Марко Зврлески, Јован Илиевски: ***„Практичната примена на спогодувањето за видот и висината на кривичната санкција во првата година од примената на новиот ЗКП",*** во издание на OSCE 2016;
3. Тодор Витларов ***„Самостојноста на јавното обвинителство",*** Проект за независноста на судството, Македонска академија за науки и уметности, 2017.

***Во прилог е прикажана кратка научна евалуација на трудовите:***

Трудот *Тодор Витларов* ***„Новата улога на јавниот обвинител во предистражната постапка"***, електронско објавување на Македонската ревија за казнено право и криминологија, ISSN 1409-5327, Ревија бр. 1/2018, http://journal.maclc.mk/, претставува самостојна научна статија во којашто е прикажана законската легислатива за новата улога на јавниот обвинител во предистражна постапка. Во истата се обработени темите за информирање на јавниот обвинител, претходно прибирање на известувања со посебен осврт на институтот жалба на решенија за отфрлање на кривичната пријава од страна на оштетениот. Во овој дел е извршена тригодишна анализа за бројот на изјавени жалби на решенијата за отфрлање на кривичните пријави. Како заклучок на истата се дадени споредбените показатели на поранешниот институт супсидијерна тужба и новото законско решение, жалба на оштетениот на решението на кривичната пријава, од аспект на ефикасност на кривичната постапка.

Трудот Витларов „***Примената на чл. 3 од Европската конвенција за човековите права во нашето законодавство и практика",*** електронско објавување на Македонската ревија за казнено право и криминологија, ISSN 1409-5327, Ревија бр. 1/2018, http://journal.maclc.mk/,е самостојна научна статија. Во трудот е дадена анализа на сите елементи на поимите, мачење, нечовечко или понижувачко постапување. Во оваа насока се наведени примери од практиката на Европскиот суд за човековите права. Исто така, дадени се примери од судската практика од аспект на казнено-правна заштита на какво било сурово, понижувачко или нечовечко постапување или мачење. Република Македонија ги има преземено сите потребни чекори на легислативен план, во насока на имплементација на сите меѓународи документи и особено Европската конвенција за човековите права, за спречување на тортура. Од досегашното искуство од правната практика на Европскиот суд (апликации за повреда на чл. 3 против Р. Македонија), како и од домашната практика на казнено-правната заштита за примена на средства на тортура:

- надлежните државни органи (старешини, јавни обвинители, судии) при постапувањето во конкретните случаи, како однапред да се раководат од претпоставката дека подносителите на жалбите-пријавите за примена на тортура се прекршители на законот и дека тие со своето однесување ги предизвикуваат службените лица (во пречекорувањето на нивните законски овластувања за примена на сила);
- јавните обвинители не смеат своите одлуки за конкретни пријавени случаи на тортура да ги засноват на претпоставка дека пријавените службени лица однапред се во право и дека нивното пречекорување на службеното овластување и применетите средства на присилба секогаш е предизвикано од лошото постапувањето на пријавителителите;
- за секој пријавен случај на тортура јавните обвинители се должни да спроведат делотворна истрага;
- јавните обвинители имаат поведено кривични постапки за случаи на тортура, но постапките во предистражна или истражна постапка траат долго;
- доколку се поднесени обвиненија за вакви кривични дела, надлежните судови на вак믿вите предмети би требало да им дадат приоритет при нивното решавање.

Самостојниот труд „***Мерката конфискација во нашиот правен систем***" е самостоен научен труд. Во трудот е извршена анализа на казнено-правната мерка конфискација од материјално и процесно-правен аспект. Исто така, дадени се примери

од практиката за правосилно изречени мерки на конфискација. Во нашето казнено законодавство имплементирани се сите меѓународни препораки и стандарди во насока на создавање на легислативна основа, за одземање на противправно стекнатиот имот и имотна корист со сторување на казниви дела. Анализирајќи ја судската практика, забележително е во последните години дека бројот на изречените мерки конфискација е зголемен. Меѓутоа, според процесираните случаи на кривични дела со кој е стекната противправна имотна корист, наспроти изречените мерки конфискација, нејзиното изрекување не е на задоволително ниво. Во голем број на водени кривични предмети отсуствува водење на финансиска истрага, во насока на предлагање и определување на привремени мерки, заради обезбедување на вака противправно стекнатиот имот. Во насока на реално спроведување на изречената мерка конфискација, голем прилог дава воведеното решение од чл. 202 ст. 11 од ЗКП - дека сите дејствија што се преземени по поднесувањето на барањето за обезбедување врз имотот и предметите што се предмет за обезбедување се сметаат за ништовни. Со ваквото законско решение ќе се оневозможи обвинетите или третите лица на кој е пренесен противправно стекнатиот имот, неговото прикривање. Заради поголема ефикасност за водењето на финансиската истрага, потребно е востановување на посебни единици за финансиска истрага (во полиција или финансиска полиција) чија основна надлежност би била да трага по ваквиот имот. Друга објективна слабост би можела да биде и непостоење на аналитички средена евиденција кај надлежните органи за: следење на сите финансиски трансакции, уредна евиденција на недвижен имот, евиденција за тргувања со хартии од вредност итн., како индикатори за постоење на основани сомненија за движењата на ваквиот имот. Не треба да го занемариме и субјективниот фактор. Тоа е недоволната активност и незаинтересираноста на надлежните институции, за откривање и гонење, за идентификување на вакавиот имот, за да истиот евентуално може понатаму да биде предмет на конфискација. Целата активност на сите овие органи како да се сведува само на утврдување на факти релевантни за утврдување на кривичната одговорност на сторителоте во конкретен случај и донесување на осудителна пресуда. Од презентираните случаи од судската практика произлегува дека е различен начинот на формулацијата при изрекувањето на мерката конфискација.

Трудот „***Кривичното дело злоупотреба на службената положба и овластување чл. 353 од КЗ во судската практика“,*** Македонска ревија за казнено право и криминологија, бр. 2, 2017, ISSN 1409-5327 претставува самостоен научен труд. Кривичното дело „Злоупотреба на службента положба и овластување“ е едно од најчесто пријавуваните кривични дела од главата на кривични дела против службената должност. Во последните анализирани три години е забележителен фактот дека надлежните основни обвинителства од подрачјето на Вишото јавно обвинителство во Штип, невообичаено по поднесените кривични пријави за предметното кривично дело, донеле решенија за отфрлање на кривичните пријава. За вистинските причини би требало да се направи подетелна анализа, за подносители на овие пријави, нивната поткрепеност со соодветни докази, колку јавните обвинители по истите поднеле барања за собирање на потребни податоци, дали истите се отфрлени поради немање елементи на кривичното дело (нема штета или корист или се работи за дисциплинска повреда) или дека нема основано сомневање дека е сторено предметното кривично дело (дополнително ги направил сите проверки на наводите во пријавата и нема основано сомневање). Од анализираните случаи во практиката произлегуваат констатациите дека:

- Јавните обвинители треба да обратат внимание во правилно составување на диспозитивите при поднесување на обвиненија за кривичното дело злоупотреба на службената положба и овластување со јасен опис на дејствијата на сторување (искористување на сл. положба или овластување, пречекорување или неизвршување на службента должност) и условите за инкриминација (штета или некакава корист за себе или за друг);
- Евидентно е во практиката постоењето на разлики во правните ставови по однос на постоење на елементи на предметното кривично дело, помеѓу Јавното обвинителство и основните и апелацините судови. Но, евидентни се разлики и помеѓу правните стојалишта на пониските судови и Врховниот суд.

Трудот од кандидатот *Тодор Витларов* со наслов *„**Казнено-правни аспекти на корпоративната безбедност”,** Асоцијација за корпоративна безбедност, Зборник од Втората меѓународна научна и стручна конференција, одржана во Скопје во мај 2016 год.,* претставува научноистражувачко дело во кое фокусот е ставен на приватното обезбедување на нашиот правен систем, како дејност од јавен интерес, кој го вршат правни лица кои поседуваат дозволи за приватно обезбедување. Приватното обезбедување е анализирано од аспект на вид на давање на услуги и за сопствени потреби. Посебен акцент во трудот е ставен на казнено-правниот аспект на приватното обезбедување со оглед на фактот дека лицата коишто го вршат приватното обезбедување имаат законска можност за употреба на средства на присилба. Од овој аспект е дадена анализа на судската практика кога овие лице ги пречекориле своите законски овластувања при употребата на пропишаните средства за присилба.

*Т.Витларов*, *„**Казнено право - посебен дел со примени од практиката“***, се авторизирани предавања.Тоа е второ дополнето издание како учебно помагало за студентите за предметот Казнено право - применета програма. Во истото е извршена анализа на кривичните дела од Посебниот дел на КЗ, кои најчесто се јавуваат во практиката. Освен тоа, дадени се примери од практиката за начинот на опис на противправните дејствија кај обработените инкриминации. Посебен акцент е ставен во обработување на примери и задачи како хипотетички случаи, за да можат студентите да се стекнат освен со теоретски знаења и со практично препознавање на елементите на одделните инкриминации од посебниот дел на КЗ.

*Т.Витларов, „**Казнено право - општ дел - применета програма“*** е авторизирано предавање за да им послужи на студентите како литература за подготвување на испитот Казнено право - применета програма. Бидејќи овој предмет спаѓа во групата на т.н. клинички предмети, кратко теоретски се обработени сите институти од општиот дел на КЗ. Потоа се дадени конкретни примери како студентитие би се ориентирале овие општи институти да ги применуваат на конкретни случаи во практиката.

С. Гушена, Т. Витларов, *„**Правосуден систем на Република Македонија“*** е подготвен како учебник за студентите да се стекнат со знаења за институционалната и функционалната рамка на правосудните системи на Република Македонија. Во книгата е користен единствен методолошки пристап во приказот и обработката на поимот, генезата, положбата, организацијата, надлежностите, како и меѓународните стандарди што се однесуваат на органите кои ја сочинуваат структурата на правосудниот систем на Република Македонија, судовите, јавното обвинителство, адвокатурата и нотаријатот.

Ј. Илиевски, Т. Витларов, З. Наумова, *„**Напредна обука за новиот ЗКП, предистражна постапка“,*** анализирани се новите законски решенија за улогата на јавниот обвинител во предистражна постапка. Во истата се обработени темите за начинот на поднесување на кривични пријави, прибирање на потребни известувања од страна на јавниот обвинител, со посебен акцент на надлежностите на истражните центри на јавното обвинителство. Обработени се законските одредби за одлучување на јавниот обвинител по поднесените кривични пријави и институтот одложено гонење. Исто така, обработени се темите за лишување од слобода, задржување, куќен притвор, краткотраен притвор и определување и траење на мерката притвор во сите фази од кривичната постапка.

Анализата М. Зврлевски, Т. Витларов, Ј. Илиевски е правна анализа на *„**Практичната примена на спогодувањето за видот и висината на кривичната сакнција во првата година од примената на новиот ЗКП“.*** Во неа е даден приказ на спогодувањето како еден вид на забрзани казнени постапки, односно нов процесно-правен институт. Во истата е даден компаративно-правен преглед за институтот спогодување. Исто така, обработена е законската легислатива на институтот спогодување со донесените подзаконски акти за негова примена. Во рамките на правната анализа се дадени статистички податоци за примена на овој вид институт од страна на сите основни јавни обвинителства во Р. Македонија. Направена е анализа за бројот на лицата, видот и висината на казните за кое е постигнато спогодување помегу јавниот обвинител и обвинтетиот и видот на кривичните дела. На крајот од правната анализа се дадени заклучни согледувања и препораки. Во прилог на анализата се изготвени и примероци за практично изготвување на предлог спогодби и пресуда врз основа на предлог спогодба.

Во трудот „***Самостојност на јавното обвинителство“,*** Проект за независноста на судството, Македонска академија за науки и уметности, 2017, направена е анализа на самостојноста како еден од гаранциите за непристрасно и професионално извршување на јавнообвинителската функција. Од аспект на самостојност се обработени институционалните и субјективните критериуми кои влијаат врз самостојноста на јавното обвинителство. Во трудот се дадени и критички оценки од аспект на самостојност за начинот на работа на Советот на јавните обвинители при унапредување-избор на јавни обвинители во повисоки инстанци. Исто така, обработени се и прашањата за субјективни критеруми коишто влијаат или би можеле да влијаат врз самостојноста на јавните обвинители, а тоа пред сѐ располагање на јавните обвинители со сопствен интегритет.

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

Покрај претходно опишаните наставно-образовни и научноистражувачки активности, има остварено и други активности во насока за ефикасно функционирање на Правниот факултет, а со кои се верифицира неговата посветеност и професионалност во високообразовниот процес.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Комисијата со задоволство ги прегледа доставените документи на кандидатот насловен вонреден професор д-р Тодор Витларов, објавените научни и стручни трудови, учебни помагала, активности од научноистражувачки проекти и врз основа на севкупната негова активност заклучи дека д-р Тодор Витларов ги исполнува условите за избор - реизбор во насловен вонреден професор во областа казнено право, согласно со Законот за високо образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во настано научни, научни и наставни звања на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

За целокупната активност во периодот од изборот насловен вонреден професор до денес, кандидатот д-р Тодор Витларов има остварено врз основа на научноистражувачка работа, наставно-образовна работа и стручно-апликативна работа (НО40+НИ66+САОР19 = 125) или вкупно 125 поени.

Според гореизнесеното, Комисијата има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип д-р Тодор Витларов **да биде избран во звањето насловен вонреден професор во научната област казнено право.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Академик Владо Камбовски, претседател, с.р.**
**Ред. проф. д-р Гордана Лажетиќ, с.р.**
**Вон. проф. д-р Александра Деаноска-Трендафилова, с.р.**

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| Р. бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| 1. | Избор во звање вонреден | 1 | 40 | | | 40 |
| ВКУПНО | | | | | | 40 |
| Р. бр. | Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности | Поени | | | | |
| | | Во земјава | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| 1. | Монографија или научна книга | 1 | 10 | | | 10 |
| 2. | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор, втор автор, останати автори) | (прв автор) - 5x9 = 40 | | | | 40 |
| 3. | Одржано предавање по покана од научна институција | 1Х2=2 | | | | 2 |
| 4. | Одбранета докторска теза | 1x8=8 | | | | 8 |
| 5. | Одбранет магистерски труд | 1x4=4 | | | | 4 |
| 6. | Учесник во научен проект | 1x2=2 | | | | 2 |
| ВКУПНО | | | | | | 66 |
| Р. бр. | Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност | Поени | | | | |
| | | Во земјава | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| 1. | Поглавје од книга | 2 | 4 | | | 8 |
| 2. | Стручна монографија | 2 | 3 | | | 6 |
| 3. | Член на универзитетски или владини тела | 1 | 5 | | | 5 |
| | ВКУПНО | | | | | 19 |
| Поени кои се однесуваат на целокупната актива на кандидатот | | НО | НИ | САОР | | |
| ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ | | 40 | 66 | 19 | | 125 |